**ДАНЧО ЗОГРАФСКИ**

# ВАСИЛ ГЛАВИНОВ

**Брошурата претставува печатена верзија на емисијата „Светлини на минатото“ на Радио Телевизија Скопје од 1968 година.**

**Социјалистичката партија на Македонија текстот го објавува по повод јубилеите на Васил Главинов - 150 години од раѓањето и 90 години од неговата смрт.**



**ВАСИЛ ГЛАВИНОВ**

## ПОЧЕТОЦИТЕ НА ОСНОВНАТА И СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ НА ВАСИЛ ГЛАВИНОВ

Во плеадата заслужни личности, кои со својата општествено-политичка активност и борба оставија неизбришливи траги во националната историја на македонскиот народ, спаѓа и Васил Главинов, првиот организатор на социјалистичката пропаганда и работничкото движење во Македонија.

Васил Главинов е роден во бедно велешко семејство околу 1869 година (а починал на 24 јануари 1929 година во Софија). Основното образование го доби во училиштето на својот сограѓанин, познатиот наш преродбенски деец

Ј.Н.Константинов - Џинот. Немајќи средства да го продолжи школувањето, В.Главинов отиде на столарски занает и уште од најрана возраст започна да ја сеќава на својот грб тежината на социјалната неправда и експлоатацијата. Поради раширената безработица во Велес, кој во последните две децении на минатиот век економски сé повеќе пропаѓаше, тој беше принуден да го напушти родното место и да ја дели тешката судбина на голем број свои сонародници - печалбари и емигранти. По доаѓањето во Софија (1887 г.) Главинов работеше во една тамошна фабрика за ќерамиди, а подоцна отвори своја дрводелска работилница. Во 1892 г. Главинов „фалира“ и остана без работилницата, како што и многумина други занаетчии во Македонија и балканските земји тогаш осиромашуваа и се раслојуваа. Главинов по тоа се доближи и се слеа со масата на наемното работништво, стремејќи се да ги запознае иусвои идеите на најнапредните работници. За таа цел во истата година стапи во софиското работничко друштво „Братство“ и со голема жедност почна да чита разни социјалистички брошури и изданија.

Меѓутоа, скоро сета тогашна социјалистичка литература во Бугарија не беше во состоба да му даде на Главинов вистински и задлабочени теоретски познавања на научниот социјализам, туку само најопшти претстави и основна ориентација: длабока омраза против класното општество и неговиот систем на потиснување и експлоатација. Задојувањето на Главинов со социјалистички идеи временски дојде пред поставувањето на темелите на организираното македонско национално-ослободително движење. Актуелноста и посебноста на национално-политичките и социјалистичките задачи на ослободителнаа борба на македонскиот народ, т.е. сфаќањата на Главинов за потребата да се образува јадро за посисематска пропаганда на социјалистичките идеи

меѓу македонските работници, дојдоа до израз во неговиот обид во 1893 г. да создаде одделна македонска социјалистичка организација во Софија.

Оваа извонредно позитивна иницијатива на В.Главинов, која беше поддржувана од неговите истомисленици В.Марков, Д.Мирсчиев, С.Стојанов, А.Шулев, А.Раздолов, Г.Драндаров и др., пропадна поради неразбирањето и отпорот од страна на раководните бугарски социјалисти, кои го прогласија Главинов за „сепаратист“ и тој, „поставен пред дилемата да биде изолирана создадената македонска политичка група, се виде принуден да отстапи и да се откаже од тој свој план“. На тој начин уште во подготвителната фаза беше оневозможено создавањето на национално конституирана македонска социјалистичка организација. Макарштo со ова групата околу В.Главинов беше спречена во својот природен развиток и тогаш не можеше да прерасне во посебна македонска социјалистичка организација, нејзината внатрешна идејно-национална кохезиона сила беше причина таа не само да не се распадне, туку и да стане основно јадро за пропаѓирање на социјалистичките идеи во Македонија и меѓу македонската емиграција во Бугарија.

В.Главинов потоа веднаш премина кон практична дејност и за време на својот престој во родниот град го основа во 1894 г. првото работничко просветно друштво. Во ова друштво, кое воедно беше и првата работничка и социјалистичка асоцијација, што послужи како важен пункт за ширење на социјалистичката пропаганда, беа зачленети околу 65 души. Социјалистичката литература, што ја донесе В.Главинов, и неговата усна агитација одиграа решавачка улога за придобивањето на повеќе млади работници и интелектуалци од Велес за праведната борба на пролетеријатот и за делото на социјализмот.

По своето враќање во Софија, Главинов со голем елан и упорност пристапи кон консолидирање и натамошно организационо зацврстување на Македонската работничка група. Истовремено воспостави канали преку кои неговата група започна посистематски да испраќа пропаганден социјалистички материјал во Македонија. Илегално испраќаниот материјал се пренесуваше често во столарски тезгафи, кои за таа цел ги изработи самиот Главинов. Во овој период на Македонската работничка група ѝ укажуваа значителa помош некои од идните идеолози и предводници на македонското национално-ослободително движење. Дрводелската работилница и таванската соба на Главинов, каде што беше устроена „комуната“ на Македонската работничка група, станаа собиралиште на прогресивните и револуционерно задоените Македонци во Бугарија. Таму се водеа живи дебати и се разменуваа мисли околу тактиката и стратегијата на револуционерната борба за национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

Најсвесните претставници на младото македонско работничко движење, В.Главинов и неговите истомисленици, правилно сфатија дека ќе работат за социјалниот прогрес и вистинските интереси на македонскиот народ ако се впрегнат во систематска агитација и конкретна револуционерна активност во полза на делото за социјално и национално ослободување на својата поробена татковина. Весникот „Револуција“, што во 1895 година беше покренат од В.Главинов со Македонската работничка група во Софија, како прво македонското социјалистичко гласило, претставуваше реализација и манифестација на таквите нивни сфаќања.

# УЧЕСТВОТО НА ГЛАВИНОВ ВО ПРВИТЕ ИЗДАНИЈА И АКЦИИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СОЦИЈАЛИСТИ

В.Главинов и Македонската работничка група во Софија со покренувањето на весникот „Револуција“, како свој орган, направија крупен чекор, започнувајќи посистематска и организирана пропаган на револуционерно-демократските и социјалистичките идеи во Македонија. Идејно-политичката платформа на весникот „Револуција“, односно на групата околу В.Главинов беше изнесена во уводната статија на нејзиниот прв број („Нашата програма“), каде што на следниов начин беа формулирани основните концепции и ставови на Главинов и неговите истомисленици:

*„Пред сé, за да востане македонскиот народ, потребно е тој да биде подготвен и обучен. Потребна е систематска пропаганда, неуморна дејност од страна на сите дејци што го имаат при срце ослободителниот идеал. Ете зошто ние излегуваме со весникот „Револуција“, кој ќе биде орган на сите млади револуционери кои неразделно се сврзани со угнетената маса и така најдостојно ќе можат да ги насочуват бунтовничките движења меѓу неа. Тие млади сили, проникнати од принципите на револуционерниот социјализам, ќе внесат нови елементи во ослободителната борба ... Нашата девиза ќе биде:* ***Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци.***

**...***Револуционерната борба на тој начин ќе носи отпечаток на едно чисто народно движење... Како крајни револуционерни републиканци,*

*проникнати од слободољубивите текови на векот, ние ќе ја подготвуваме народната маса и за слободољубивите општествени реформи.*

*...Во својата, систематски оцртана борба, ние ќе ја пропагираме и идејата за создавање една независна* **Македонска република** *... Како интернационалисти, ние ќе ги присоединиме своите усилби со тие на српските, хрватските и другите революционери и на тој начин ќе парализираме секаква шовинистичка агитација и ќе подготвиме поволна основа за создавање на една слободна и независна држава. Од народното движење ние ќе го образуваме оној революционерен поток, кој со својата силна брзина ќе го повлече сето старо и изгниено, за да му отвори пат на младото и чесното".*

Главинов и другите припадници на Македонската работничка група знаеја дека „македонските револуционери не можат да очекуваат содејство од богаташките партии во Бугарија, кои за свои лични ползи најбезочно го експлоатираат македонското прашање". Тие сфатија дека треба пред сé во другите потиснати нации и малцинства во турската империја да наоѓаат природни сојузници, искрено заинтересирани за премавнување на постојниот поробувачко-експлоататорски систем. Како одраз на ваквите сфаќања може да се смета следново реагирање на „Револуција":

*„Полното и скоро разрушување на турската империја е дело како на Ерменците и Македонците, така и на сите поробени народности".*

Становиштето и залагањето на Главинов и Македонската работничка група за организирана соработка и заедничка борба на обесправените народи против

султанска Турција многу добро го покажуваат и овие редови на весникот „Револуција“:

„...*Револуционерните бранови на македонското востание ќе достигнат и до Албанија, каде што ќе го укажат своето влијание, кое не може да не се одрази... Во интерес на револуцијата, во интерес на општата борба, македонската колонија треба да влезе во спогодба со албанската, за да ѝ се нанесе решителен и уништувачки удар на Турција. Само кога сите потчинети народи во Турција ѝ се спротивставaат и востанат против неа, тогаш ќе се сети нивната нескршлива сила и (Турција - Д.З.) ќе преклони глава пред нивните оправдани барања“.*

В.Главинов, од истите побуди, заедно со своите приврзаници и некои други македонски револуционери, зеде учество во организирањето и изведувањето на протестната демонстрација во Софија против турските погроми и насилства врз ерменското население. Макарштo, општо земено, беше противник македонското движење да очекува помош однадвор, Главинов не запаѓаше во шовинистичка тесноградост. Тој не само што не ја отфрлаше потребата да се бараат вистински сојузници и помагачи отсрана, кои без задни намери би содејствувале за делото на националното и социјалното ослободување на македонскиот народ, туку упорно се грижеше да ги привлече и заинтересира најнапредните елементи на Балканот. Таа негова ориентација произлегуваше од вербата, дека работничките и прогресивните демократски движења во балканските земји се должни да му даваат поткрепа на македонското ослободително движење. Еве што стоеше во „Револуција“ за општествената сила на Балканот, која единствено може да има таква улога:

*... **Таа улога треба да ја земе целокупната балканска демократија, која е најмногу заинтересирана за ослободувањето на Македонија. Сите революционерни треба да ја потпомагаат ослободителнаа борба, додека се создаде автономна македонска држава.** Со постигањето на тоа нејзините дејства ќе се зголемат и таа енергично ќе ја продолжи борбата за остварување на своите уште покрајни цели...“*

*Значи, освен што треба сите револуционери од Полуостровот да му помагаат на македонското движење, тие треба да поведат смел напад и против сите шовинисти, кои го сакаат присоединувањето на Македонија...*

*Заедничката борба на балканската демократија, соединета со таа на угнетениот и поробен народ во Македонија, побргу ќе го донесе ослободителниот момент“. (Подблекот Д.З.)*

Голема важност имаа, натаму, дејноста и борбата на Главинов против факторите и институциите на странските сили, кои настојуваа за остварување на своите поробувачки планови да испровоцираат разни конфликти и да посеат деморализација во самата Македонија. Така, за Главинов раководните личности на Врховниот македонски комитет (Георгов, Ризов, Љапчев и др.) беа обични орудија на бугарските управувачи и нивните завојувачки претензии во однос на Македонија. Во весникот, што беше покренат и редактиран од Главинов, („Револуција“), Врховниот комитет, кој беше создаден и дејствуваше по интенција на бугарските владеачки кругови, со право беше наречуван „куп на шарлатани“ кои „прибегнуваат до најлоши

средства, бидејќи немаат ништо заедничко со современите револуционерни движења“.

Согледувајќи ги штетните последици од дотогашната работа на Бугарската егзархија во Македонија, Главинов, на чело на својата група, најрешително истапуваше и против оваа институција. Тој знаеше дека Бугарската егзархија, вешто ползувајќи ги внатрешните услови на Турција, успеваше да проникнува во разни пори на општествениот живот во Македонија, дејствувајќи во рамките на одредени стратешки насоки на големобугарскиот хегемонизам. Бугарската егзархија во текот на повеќе години ги сопираше усилбите на македонскиот народ за самостоен развиток и ја заматуваше македонската национална свест. Затоа и непријателскиот однос на Главинов и другите тогашни македонски социјалисти спрема Бугарската егзархија, изразен во констатацијата на весникот „Револуција“, дека органите на Егзархијата ги затвораа „под клуч револуционерниот дух и сите слободољубиви стремежи“ на народот во Македонија, беше историски оправдан.

Слични беа ставовите на Главинов и на Македонската работничка група и кон тогашниот државен главар на Бугарија, кнез Фердинанд Кобуршки, за кого тие во својот орган велеа дека работел „да се задуши, со какви и да е средства, едно со таков ентузијазам зафатено и доста напреднато народно движење“ (македонско - Д.З.), а за бугарската влада пишуваа дека била „раководена од користољубиви и противнародни чувства“. Најостро осудувајќи го конкурентскиот напревар на шовинистичките пропаганди на балканските држави, кои ја отежнуваа борбата против турските поробувачи, социјалистите ја докажуваа бесмисленоста на таквите настојувања, бидејќи „**Македонија си припаѓа на самата**

**себеси, а не на многубројните српски и бугарски шовинисти**" и „кандидати за идни заграбувања и пљачки".

Од друга страна, Главинов и неговите истомисленици, исто така, ги разбиваа илузиите во однос на големите европски сили, а особено кон Русија и Австро-Унгарија, кои со своите дипломатски интриги и пазарлаци само го замрсуваа и попречуваа решавањето на македонското прашање. Тие говореа дека на интересите на рускиот царизам не им конвенира ослободувањето на Македонија и нејзиното оформување во самостојна држава на Балканот. Поради тоа тие ги напаѓаа агентите на руските управувачи и заслепените приврзаници на нивните демагошки ветувања кои ја глорифицираа „месијанската" улога на Русија, затскриени зад словенофилската руба.

Плодната организаторско-пропагандистичка дејност на В.Главинов, покрај покренувањето на весникот „Революција" и активирањето на Македонската работничка група, имаше и други важни општествени манифестации. Уште во 1895 год., истовремено со издавањето на весникот „Революција", Главинов заедно со своите другари пристапи кон организирање серија предавања во Софија за популаризирање на социјалистичкото учење и на революционерно-ослободителните движења и борби. Предавањата отпрвин се држеа во салата на „Македонското друштво", а подоцна во Социјалистичкиот клуб. Од 20 август 1895 г. скоро секоја недела беше одржувано по некое предавање. Темите на првите предавања беа: „За македонското дело" и „За ослободувањето на Македонија".

Јавните испитувања на Македонската работничка група и појавата на нејзиниот орган предизвикаа силна реакција од страна на бугарските властодршци. Преку софискиот веснк „Мир" започнаа нападите против Македонската работничка група.

Кон нападите се придружија и припадниците на Врховниот комитет, кои преку весникот „Военен лист“ изнесуваа разни клевети против Македонската работничка група. Како последица на оваа кампања, зад која стоеше самата власт, се поведе судски процес против редакцијата на весникот „Революција“, а како повод послужи неговата статија „Тиранот Стамболов убиен“. Со тоа бугарските управувачи се обидоа да ја парализираат дејноста на Главинов и на сета негова група. За таа цел почнаа да интернираат и апсат поодделни членови на Македонската работничка група (А.Раздолов, Ст.Попов и други). Но, нивинте настојувања да ја растурат групат и да го спречат излегувањето на нејзиниот орган останаа на крајот без резултат.

В.Главинов успеа со својата група во 1896 г. да ја организира напредната македонска емиграција колективно да истапи на првомајската манифестација во Софија. Во тогаш издадениот првомајски проглас на групата, кој беше конфискуван од бугарската полиција, македонските работници се повикуваа:

> *„Использувајте го работничкиот празник за 1 мај (19 април) и дигнете го моќно својот глас против турската тиранија и да ја започнеме борбата за полно ослободување на Македонија од сите крстени и некрстени кесеџии“*
>
> И натаму:
>
> *...„ние, македонските социјалисти-револуционери, апелираме кон сите други живи работници за слободата на македонските робови и ве повикуваме да го празнувате заедно со нас 19 април под црвеното знаме на македонското ослободително движење.*
>
> *Први мај треба да биде најсвечениот момент во животото на свесните револуционери“.*

И во идната, 1897 година, во врска со Први мај Главинов со својата група спроведе голема агитација и издаде нов проглас („Браќа Македонци!“), кој исто така беше запленет од бугарската полиција. Овој проглас беше издаден од групата, која се потпиша и се нарече самата: Македонска револуционерна социјалистичка група.

При анализата на дејноста на Главинов и Македонската работничка група во временскиот интервал од 1893 до 1898 г. треба да се споменат и некои нивни слабости и застранувања, кои произлегуваат од недоволното познавање на теоријата на научниот социјализам и од историската ограниченост и условеност на времето и средината во кои живееја и дејствуваа. Затоа кај нив често се среќаваат општи фрази наместо конкретни и прецизни поставки, манифестации на бунтарски романтизам, извесни утописки примеси и траги од анархистичко-нихилистички влијанија. Историската вистина бара да не се премолчи и отсуството на наполно јасни и издржани поими кај Главинов и членовите на неговата група за националната индивидуалност и физиономијата на македонскиот народ.

# ВАСИЛ ГЛАВИНОВ И МАКЕДОНСКОТО СОЦИЈАЛИСТИЧКО ДВИЖЕЊЕ ОД 1898 ДО 1908 ГОДИНА

Васил Главинов и другите македонски социјалисти во Софија од 1898 г. па натаму, истапуваа уште поорганизирано како оформена Македонска револуционерна социјалистичка група (скраено: МРСГ) со своја подобро определена и поопфатна идејно-политичка платформа и засилена пропагандистичка дејност. Во „Програмата на македонските револуционери-социјалисти“, објавена во новиот весник „Политическа свобода“, што започна да го издава групата во 1898 г. како „орган на македонските револуционери-социјалисти“, беа содржани низа нови елементи кои најдобро ја илустрираат еволуцијата во разбирањата на ослободителнаа борба на македонскиот народ и ширењето на социјалистичките идеи. Припадниците на групата на чело со В.Главино вака ги формулираа своите основни концепции и ставови во Програмата:

> „*Водени од најхумани идеи, македонските револуционери-социјалисти си поставија за цел:* ***полно политичко и економско ослободување на народите кои ја населуваат Македонија и Одринско.*** *За таква цел ние, македонските револуционери-социјалисти, не признаваме друго порадикално и подостојно средство освен* ***револуцијата****... За постигање на нашата главна цел ние сме готови да влегуваме во спогодба и сојуз со сите племиња во турската држава кои имаат ослободителни цели и со сите други народни дејци кои сочуствуваат на нашите идеи.*

*...Ние мислиме дека народите треба самите да се оставаат на својата добра волја за да ја определат својата националност, а не да станува тоа врз основа на некакви историски традиции или ултрапатриотски побуди. Автономисти по убедување, ние сакаме* ***Македонија да биде за Македонците.***

*... Најпосле, како социјалисти по убедување ние нема да ја испуштиме од предвид идната социјална револуција, заедно со политичкото ослободување на поробените народи во Македонија и Одринско. Нашата цел ќе биде таму, подготвување терен за разбивање на реалните услови на денешниот живот. Од тоа се гледа, дека ние бараме политичка автономија како еден услов за нејзин натамошен развиток, економски и политички“.*

Македонските социјалисти и во Програмата од 1898г., како и порано, гледаа во револуцијата најпогодно средство за постигање на ослободителните цели на македонското движење. Но, затоа, пак, во оваа Програма тие повеќе ги истакнуваа своите задачи за пропагирање на социјалистичките идеи, за „морално и умствено воспитување на работничката маса“ и нејзино „воспитување во духот на независноста и цивилизацијата“. Освен тоа, во Програмата беа многу покатегорично и во поголема мера изразени интернационалистичките сфаќања на македонските социјалисти. „Ние не стоиме на подлогата на националната омраза - изјавуваа тие во Програмата, - за нас работниците од сите земји се браќа меѓу себе“ и затоа велеа тие: „Тргнувајќи од сопствените македонски интереси, ние истовремено нема да останеме глуви спрема прогресивните општествени текови во другите емји“,

бидејќи кај нив наоѓаат одѕив „работничките движења како на Западна Европа, така и на Бугарија, Србија, Грција и други земји“.

Во програмата му беше одделено значително поголемо место и на прашањето за внатрешното уредување на Македонија врз принципите на федерацијата и автономијата, отколку што беше случајот порано. Македонската револуционерна социјалистичка група (МРСГ) околу В.Главинов ја замислуваше слободната македонска држава како федеративна заедница со републикански облик на управа. Концепцијата на МРСГ за трансформирање на Македонија во самостојна федеративна република прерасна во целосен проект и тоа до детали и финеси.

Ваквите сфаќања и погледи беа разработени во „Отворено писмо до македонските револуционери“, во кое се укажуваше дека политичката автономија на Македонија под суверенството на турскиот султан би го претворила „народниот суверенитет“ во обична „фикција“, та поради тоа се бараше „полно одделување на Македонија од Турција во политички, административен, финансиски и воопшто во секој однос“. Во него исто така се истакнуваше потребата од братска солидарност и еднаквост на интересите на јужнословенските и баканските народи и прифаќање на идејата за образување балканска федерација или конфедерација со Македонија како нејзина составна рамноправна единица, т.е. на идејата за „сојуз меѓу државите на Полуостровот како средство што ќе им ги гарантира заемната сигурност и слободниот, правилен внатрешен развиток“ и ефикасна борба „против нивниот заеднички непријател - капиталот“.

В.Главинов заедно со другите македонски социјалисти се искажуваше против празните надежи да се оствари политичка автономија на Македонија со

ангажирање на надворешни фактори балкански или европски. „Автономијата нема да ни падне од невидено, - велеа издавачите на „Политическа свобода“, - тоа нема да ни се подари ниту од Бугарија, ниту од Русија, ниту, пак, од европската дипломатија, а треба да се извојува“. Сега уште појасно беше изразено и сфаќањето за перфидната тактика на бугарските хегемонисти и нивните декларации за божемно поткрепување на барањата за политичка автономија на Македонија. МРСГ истакнуваше дека „бугарските патриоти се борат за таква македонска автономија, во која ќе преовладува бугарскиот елемент, за да може по некое време автономна Македонија да се соедини со Бугарија, како што стана со Тракија“, поради што „бугарските кнежевски и државнички патриоти“ беа нарекувани „најголеми непријатели на македонската слобода“.

Паралелно со тоа во сите печатеи материјали на МРСГ се истакнуваше неопходната потреба да се зачува самостојноста на македонското ослободително движење, со што најдобо ќе се придобиеја симпатиите и подршката од вистинските револуционери на Балканот и во светот. Истовремено, во нив се укажуваше на фактот дека прогресивната јавност е проникната од свеста дека турската империја и доминација станале веќе историски анахронизам и пречка за еманципирањето и напредокот на Балканскиот полуостров.

Главинов и неговите другари во овој период имаа наполно расчистени поими за општествената сила, која најдоследно ќе се бори за вистинско ослободување на Македонија, истакнувајќи дека најпожртвуваниот и најсвесен одред на ослободителното движење може да биде единствено „работничка класа“, додека буржоазијата „се подигала против тиранијата божем во името на народната слобода и општата благосостојба“ и секогаш се

опирала на „работното население“ и на „големата самопожртвуваност на сиромасите“, а на крајот не само што ги приграбувала плодовите на борбата на другите слоеви исклучиво за себе, туку и се свртувала против „работнио народ“ и станувала негов непријател.

Во „Политическа свобода“, орган на „македонските революционери - социјалисти“, посебно внимание му се посветуваше на прашањето за проучување на историјатот, тактиката и искуствата на други революционерни движења во светот. Така, во врска, со борбата на Кубанците „Политическа свобода“ пишуваше:

„*Не е без интерес за нас Македонците да знаеме како врвел постепениот развиток на революционерната борба на Кубанците против Шпанија за да дојде работата до таков крај. Ние Македонците треба да ја проучуваме секоја революционерна акција на угнетениот народ против угнетувачаот за да црпеме сила и знаење од таа борба. Ако ги проучувавме подробно революционерните движења на народите, одамна ќе се здобиевме со нашиот заветен идеал - автономијата на нашата поробена татковина Македонија*“.

Кај Главинов и МРСГ, како што покажуваат автентичните материјали, во ова време доаѓаат до израз извесни хиперболизирани поставки и утописки замисли, како што се на пример, последиците од избувнувањето на револуцијата во Македонија или воспоставувањето републиканско уредување во неа, па сé до инсистирањето да се создаде посебна организација на „љубителите на македонската слобода“ и сл.

Меѓу слабостите на Главинов и другите македонски социјалисти тогаш спаѓаше и нивната неспособност правилно и докрај да го согледаат процесот на националната интеграција и деференцијација на македонскиот народ, т.е. конкретните манифестации на

македонската нација како посебна општествено-историска заедница. Тоа произлегуваше во најголема мера од негативното влијание што во тој поглед на нив ги вршеа конфузните и погрешни разбирања на социјалистичките кругови во соседните балкански земји, а посебно на тие во Бугарија. Затоа кај македонските социјалисти се забележуваа во извесни случаи појави на национална индиферентност и нихилизам.

Практичната, конкретната дејност на Главинов во исто време, беше очигледна спротивност на таквите појави. Тој не само што не се изолира од македонското национално-ослободително движење, туку во многу тешки ситуации му даваше драгоцена помош. Особено за време на таканаречена Виничка афера, В.Главинов заедно со раководителите на ВМРО сесрдно се залагаше за тоа Внатрешната организација што безболно да ја преброди кризата и да се истргне масата на македонските бежаници од влијанието на Врховниот комитет и на бугарската реакционерна и шовинистичка пропаганда.

Тогаш Главинов зеде учество во организирањето на собранието на социјалистите во Софија на 1 јануари 1898 год., на кое се протестираше против турските насилства и злосторства и беше еден од потписниците на резолуцијата што се усвои на споменатото собрание. Таа резолуција доби публицитет во странство и во врска со неа хрватскиот социјалдемократски весник „Слобода“ изразувајќи ги своите симпатии и братска солидарност со ослободителната борба на македонскиот народ, пожелуваше „борбата за праведно решавање на македонското прашање да најде одѕив во сета Европа, а особено кај социјалдемократите, та ова прашање - прашање на правичноста - да се реши со полна среќа и задоволство“ на населението во Македонија со создавање „самостојна слободна и обединета Македонија“.

В.Главинов исто така им препорачуваше на своите истомисленици во Македонија тесна координација и соработка со раководствата на локалните организации на ВМРО. Социјалистичките кружоци и групи во Велес, Битола, Скопје и други места стапуваа во контакт со теренските функционери и комитети на ВМРО и спроведуваа разни заеднички акции. Во тој поглед беа особено забележителни успешно организираните ученички штрајкови во скопската и битолската гимназија. Интенциите на поистакнатите социјалист во Македонија, главно членови и блиски луѓе на групата околу В.Главинов (Н.Русенски, В.Марков, Н.Карев, Р.Костов и Л.Главинов), за соработка со месните организации на ВМРО добија конкретен вид во заклучоците на првата социјалистичка конференција во самата Македонија, одржана на 3 јуни 1900 г. во Крушево.

Присутните учесници на конференцијата едногласно решија како оформена социјалистичка група да пристапат кон ВМРО со гарантирана можност и право за непречено ширење на социјалистичката пропаганда, барајќи истовремено групата да „има свои претставници во Окружниот и градските комитети на ВМРО", како и обврска од соодветните комитети дека нема да го пречат „ширењето на социјалистичката пропаганда меѓу градските организации и селските групи". Со заклучоците и предлозите на социјалистичката конференција во Крушево веднаш беше запознаен В.Главинов, кој стапи во врска со Гоце Делчев, заеднички да пронајдат најпогодни начини за нивното реализирање. Благодарение на сесрдното залагање на Г.Делчев, на Главинов му беше олеснето испраќањето социјалистичка и друга революционерна литература во Македонија преку каналите на ВМРО, а исто така беше остварена соработка меѓу

припадниците на национално-ослободителното движење и социјалистите во Македонија.

Покрај оваа група македонски социјалисти (Н.Русенски, Н.Карев, В.Марков, П.Костов и В.Главинов), кои веднаш пристапија во ВМРО и врз основа на постигнатата спогодба добија важни функции во ВМРО на територијата на Битолскиот округ, и во другите краишта на Македонија социјалистите влегоа во четите на ВМРО, станаа членови на нејзините комитети и активно учествува во национално-ослободителното движење пред и за време на Илинденското востание. Револуционерните разбирања и вистинскиот демократизам на македонските социјалисти кои учествуваа во Илинденското востание, најдобо се изразија во организацијата на востаничката власт во Крушево и во апелот до турското малцинство да се приклучи кон востанието и „под знамето на автономна Македонија“ да стапи во борба за извојување заеднички права и слобода.

По крвавото задушување на Илинденското востание и по префрлањето на множина македонски национал-револуционери и социјалисти од Македонија во Бугарија, дојде до обиди за оживување и поцврсто организирање на македонските социјалисти во Софија. Во зимата на 1904 г. наместо поранешната МРСГ се формира Македонско-одринската револуционерна социјалдемократска група, чие раководство го сочинуваа 10-12 македонски социјалисти-емигранти. Истакната улога во раководството на оваа нова група пак имаше В.Главинов,а исто така во нејзината работа учествуваше и Н.Карев откако ја напушти Македонија, по поразот на Илинденското востание и емигрира во Бугарија.

За условите под кои работела оваа група во Софија и за причините што го предизвикале нејзиното распаѓање, може да се насети и од карактеристичните искажувања на

А.Горов во бугарското тесњачко теоретско списание „Ново време“:

*„Навистина - признаваше А.Горов - таа група не разви никаква особена дејност; таа можеше да испрати само одредено количество социјалистички книги (во Македонија - Д.З.) и со нејзиното содејство можеа да се образуваат во два града две социјалдемократски групи; а од некое време - групата во Софија од причини што не е умесно тука да ги изнесувам, просто не постои“.*

Членовите на групата се разделија на следбеници на линијата БРСДП (т.с.), како В.Главинов, и на поборници за тесна соработка и активно учество во македонското национално-ослободително движење (Н.Карев и др.). В.Главинов, станувајќи дисциплиниран член и спроводник на БРСДП (т.с.) дејствуваше во периодот особено до Младотурската револуција, па во значителна мера и подоцна, главно во рамките на препораките и ставовите на бугарските тесни социјалисти.

# ВАСИЛ ГЛАВИНОВ ВО РАБОТНИЧКОТО И СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПО МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА

Со извршената промена на власта во Турција по Младотурската буржоаско-демократска ревлуција од јули 1908 г. како и со воведувањето конституционен режим, се создадоа елементарни услови за основање и легално дејствување на разни национално-политички, работнички и други организации и партии во отоманската држава.

Веднаш по доаѓањето на Младотурците на власт, никнаа првите легални економски организации на македонското работништво во есената на 1908 г. Овие организации, односно синдикати ги раководеа успешните штрајкови особено во Солун, за што придонесуваше и учеството на В.Главинов. Тогаш Главинов пренесе разна социјалистичка литература во Македонија и обиколувајќи повеќе градови помагаше да се основаат работнички културно-просветни и социјал-демократски организации. Фактот што ја растураше брошурата „Револуцијата во Турција и социјал-демократијата“, а и некои други негови подоцнежни конкретни постапки укажуваат дека Главинов доаѓа од Македонија и работи под влијание на сфаќањата и настојувањата на БРСП (т.с.) да го диригира работничкото движење во Македонија.

Стремежите на раководството на БРСДП (т.с.) за потчинување на работничкото движење во Македонија дојдоа до израз во создадената од него „Македонско-одринска работничка социјал-демократска група“, која требаше да послужи за образување на социјалдемократскиот сојуз во Македонија како секција на

БРСДП (т.с). Некои поиздигнати социјалисти во Македонија успеаја веднаш да ги проspат ваквите намери и се залагаа постојните социјалистички групи во земјата самостојно да се развиваат и да ја одредуваат својата ориентација и тактика. Двете социјалистички групи во Солун при своето обединување (2 октомври 1908г.) изјавија дека главната цел на нивното слевање е да се придонесе „за организирањето на сето работништво во отоманската империја врз основа на класната борба во самостојна политичка партија и самостојна синдикална организација“, со тоа што „општата група во Солун ќе одржува подеднакво дружељубиви односи со сите социјалистички партии надвор од Турција и ќе стапи во организациони врски само со Меѓународното социјалистичко биро“.

Иако учествуваше во обединувањето на двете солунски групи, кои го формулираа горниот заклучок, кај Главинов се забележуваа девијации од вака изразеното становиште. Инаку, на ширењето на социјалистичката пропаганда и работничкото движење во Македонија тој се предаваше со најголема усрдност и љубов. Покажуваше вонредно живо интересирање за дејноста и развитокот на новосоздадените социјалистички групи и работнички друштва. Предмет на особено внимание и загриженост беше работничкото друштво „Класно единство“ во неговиот роден град Велес, кое во 1908 г. организира митинг барајќи турската влада да преземе најенергични мерки за сузбивање на разурнувачката дејност на странските националистички пропаганди во Македонија.

Во почетокот на 1909 г. В.Главинов станува одговорен уредник на нвопокренатиот весник „Работическа Искра“ (сé до неговиот петнаесетти број), кој како „заштитник на работничките интереси во Турција“ си постави задача „да ја буди **класната свест** сред

работниците во Турција и специјално во Македонија и Одринско, да ја шири меѓу нив искрата на **социјалистичкото учење**, и по таков начин да ги разбива маглите и заблудите што ги шират сед младото и неопитно работничко движење во Турција разните политиканти под маската на „работнички пријатели“ и дури под маската на „социјалисти“... Натаму во уводната програмска статија на весникот се изразуваше увереност дека „**искрата** на класната свест, на социјализмот, што ќе ја прск „Работническа Искра“, во скоро време ќе се претвори во **буен пламен** на едно широко класно работничко движење, што еден ден ќе го измете денешниот режим, основан врз неправди, несреќи, маки и солзи за работниците“...

Како редактор на „Работническа Искра“ Главинов будно го следеше развитокот на настаните во и околу Македонија, реагираше на разни појави во врска со политичкиот живот во Македонија и Турција и им даваше упатства на работничките и социјалистичките организации во Македонија, а објавуваше и многубројни информации за нивната дејност. Во „Работническа Искра“ беа напаѓани носителите на младотурскиот режим и самиот устав затоа што ја исклучуваа „**федерацијата** на автонимните народности од кои е составена Турската империја“, а младотурската партија беше критикувана поради пантурскиот големодржавнички национализам-отоманизмот. Главинов веруваше дека само преуредувањето на турската држава врз база на федеративниот принцип и воведувањето широка национална самоуправа може да ја поткопува супрематијата на турската владеачка нација и да го притапува националниот антагонизам во Турција.

В.Главинов и весникот „Работническа Искра“ заземаа правилни становишта спрема завојувачките аспирации на балканските буржоазии во однос на

Македонија, упорно раскринкувајќи ја нивната демагогија, заслепеност и егоизам. Во тој поглед самиот Главинов се истакнуваше како непомирлив противник на маневрите на владеачките класи во балканските земји и како искрен поборник за вистинско пријателство и најтесна соработка на балканските народи и за образување нивна заедничка држава - федеративна република. Затоа во „Работническа Искра“, што ја редактираше В.Главинов, доследно се популаризираше идејата за Балканска федерација како „единствено средство за зачувување на самостојноста и независноста на балканските народи, за нивното национално обединување и за создавање најдобри услови за нивниот прогрес“. За општествената сила, која е заинтересирана и работи за образување на Балканската федерација и за начинот на нејзиното создавање „Работническа Искра“ велеше:

> *„**Балканска федерација** може да биде реализирана само со **револуција**...*
>
> *Јасно е дека револуција и реализирање на Балканската федерација може да изврши само **еден свесен и силен пролетеријат, една револуционерна социјалдемократска партија“.***

Со тоа Главинов и „Работническа Иксра“ дојдоа истовремено и до прашањето за формирање социјалдемократска партија напролетеријатот во Турција, односно во Македонија, бидејќи тоа го поставаа на дневен ред новооснованите социјалдемократски организации во Македонија кои сакаа да ја зачуваат својата самостојност и да ги сплотат своите сили во единствена целина. Со такви желби беа проникнати и припадниците на велешката работничка група, односно друштвото кое го претворија во „Месна организација на Отоманската Социјал-демократска партија“. Непостоењето на партија со централно

раководство и соодветна организациона структура мнозина македонски социјалисти го сеќаваа како пречка за натамошен растеж на социјалистичкото движење во Македонија.

Сознавањето на неопходноста од образување единствена социјалдемократска партија, која требаше да дејствува не само на територијата на Македонија туку и во сета Турција, кон средината на 1909 г., ги покрена велешките социјалисти да ја преземат иницијативата за свикување конференција со делегати од работничките групи во Македонија „со цел да се расчисти патот за организационо-политичкото оформување на работничкото движење, односно за образување социјалдемократска партија. Оваа иницијатива тогаш не ја доби нужната поткрепа и не дојде до одржувањето на предлаганата конференција, додека „Работническа Искра“ на Главинов неоправано ја оквалификуваа како обид за цепење на работничкото движење во Македонија и негово божемно отклонување од позициите на социјализмот и класната борба.

В.Главинов во почетокот на Хуриетот, наоѓајќи се под туѓи влијанија, не ја сфати правилно важноста на оваа иницијатива, но затоа сиот се посвети на пропаѓирањето на социјалистичките идеи во Македонија. Кон крајот на 1909 г. замина за Цариград и поголемите градови во Македонија и Одринско со цел да се запознае поодблизу со условите и проблемите на работничкото движење и да ги изврши подготовките за испраќање делегати од Македонија, на Првата балканска социјалдемократска конференција во Белград. Земајќи учество во работата на оваа конференција од 25-27 декември 1909 г. (стар стил) како делегат на солунската и битолската социјалдемократска организација, Главинов даде значителен придонес за разјаснување на нејзините ставови и решенија, насочувајќи ја сета своја

дејност и агитација за создавање државна заедница на балканските народи.

„Работническа Искра“ високо го оценуваше значењето на Првата балканска социјалдемократска конференција, заклучувајќи дека главната обврска на отоманските, односно македонските социјалисти по неа е да работат за „остварување обединување на балканските народи во една демократска целина“. Важна беше и размената на мисли по конференцијата меѓу македонските делегати и претставниците на српската и бугарската социјалдемократска партија околу мерките за заедничка координираа акција за ширење на социјалистичката пропаганда во Македонија. На враќање од Белград, Главинов истапи на митингот во Ниш. Потоа дојде во Солун, каде што ја пренесе и редакцијата на „Работническа Искра“. Во Солун Главинов отвори „Интернационална социјалистичка книжарница“ за издавање и ширење популарни социјалистички публикации. Меѓу нив најпознато беше пригодното работничко календарче, во кое се нагласуваше дека со образувањето Балканска федерација ќе се создаде „голема балканска држава“, способна „да ја запази националната независност на народите кои ја населуваат“ и со тоа да осигури услови „тие да се развиваат економски и политички, бидејќи една таква држава ќе биде широко поле за висок развиток на нивните производни сили“.

По Првата балканска социјалдемократска конференција уште повеќе се актуелизира прашањето за организационото поврзување на постојните социјалдемократски организации во Македонија. На собранието на месната социјалдемократска организација во Скопје, одржано на 4 февруари 1910 година, се разгледуваше истово прашање и се донесе решение „новата управа да го земе под внимание тоа прашање и со

едно окружно писмо да ги покани и да ги праша другите другари во Македонија и Одринско што мислат за тоа прашање и да соопштат за нивните решенија“. Најкупен обид за организационо поврзување и оформување на социјалистичкото движење во Македонија беше направен кога претставниците на социјалдемократските организации во Солун, Скопје, Битола, Велес и Тетово, на Српската социјалдемократска партија и на цариградските социјалдемократи во декември 1910 г. се собраа за таа цел на заедничка конференција во Солун.

Конференцијата помина во остри судири меѓу протагонистите на двете веќе оформени струи меѓу македонските социјалисти. В.Главинов, држејќи се за препораките и ставовите на бугарските тесњаци, всушност сакаше да ги пренесе фракционерските борби меѓу бугарските социјалисти на теренот на Македонија, кои создаваа „бркотница во главите и го отежнуваа“ придобивањето на работниците во Македонија за делото на социјализмот. На крајот учесниците на конференцијата пронајдоа солуција во потребата од образување „сојуз на сите постојни социјалистички организации во Турција“ заради создавање „една општа, планска политичка и економска организација на целокупниот отомански пролетеријат“, додека за социјалдемократска организација се признаваше само онаа која се управува по принципите на социјализмот во врска со „претворањето на приватната сопственост врз средствата за производство во колективна“ и сл.

Самата конференција - како што пишуваше органот на скопските социјалдемократи „Социјалистичка Зора“ - „најсјајно ја манифестираше потребата од организирање една социјалистичка партија“. Таа донесе заклучоци двете социјалистички организации во Солун „да изработат програма и статут, да ги испратат на проучување на сите

организации и да подготват сé што е потребно за еден **конгрес**, кој ќе и донесе на партијата и програма и ќе ја уреди нејзината организација". Големото национално-политичко значење на обидот за создавање единствена социјалдемократска партија во Македонија се состоеше во настојувањето македонската работничка класа да се конституира и афирмира од „класа по себе во класа за себе" за да истапи организирано и свесно како самостоен фактор во тогашните општествено-економски превирања и бори.

Меѓу причините поради кои не дојде до основачки конгрес и до образување социјалдемократска партија во Македонија беше и околноста што „македонските социјалисти не го најдоа потребното разбирање и помош од страна на српската и бугарската социјалдемократска партија - тесњаци, кои се впуштија во меѓусебни полемики и го оставија на заден план решавањето на ова кариндално прашање", додека „нивниот спор околу создавањето единствена социјалдемократска партија во Македонија му нанесе огромни штети на работничкото и социјалистичкото движење во Македонија".

В.Главинов во својата натамошна дејност правеше усилби да се активираат што повеќе синдикатите и социјал-демократските организации за разгорување на економската и политичката борба на работниците во Македонија. Притоа, В.Главинов, како и другите балкански социјалисти, сметаше и ги применуваше легалните средства како единствени форми во борбата на работничката класа. Тој тогаш имаше извесни илузии за парламентарниот систем и не го согледуваше докрај националниот карактер на македонското прашање и сл. Но, затоа остана до крајот верен на интересите на работничката класа и социјалистичкото движење, како што ги разбираше тој. И пкрај грешките и слабостите што ги

имаше, Главинов зазема истакнато место во историјата на македонското работничко движење како прв пропагатор на социјалистичките идеи и како творец на првите гнезда во Македонија што послужија како јатка за развитокот на нејзиното работничко и социјалистичко движење. Тој остана доследен поборник за издвојување македонска република и поширока самоуправна државна заедница на соседните блиски народи, за премавнување на класното господство и за изградба на социјализам во својата татковина, на Балканот и во светски размери. Затоа и по Првата светска војна, како член на раководството на Емигрантскиот комунистички сојуз во Бугарија тој активно работеше за извојување слобода и рамноправност на Македонија во рамките на една федеративна република на Балканот.

Главинов умре во 1929 година, пред победата на Народната социјалистичка револуција и воспоставувањето социјалистичко уредување во својата татковина. Тој не го дочека остварувањето на идеалите во кои ја наоѓаше смислата на својот живот. Меѓутоа, целокупното животно дело на Главинов останува вткаено во борбената историја и стремежите на прогресивните и револуционерни сили на македонскиот народ за вистинска слобода и посреќна иднина во социјалистичкото општество.